# Дневна хемеротека за *30.11.2015г.*

## Вест - *Протест „чевли на улица“ за заштита на животната средина*

### ПРОТЕСТ „ЧЕВЛИ НА УЛИЦА“ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во пресрет на Конференцијата за климата, што почнува утре во Париз, членови на повеќе еколошки организации денеска организираа протест во францускиот главен град со оставање чевли на „Плоштадот на Републиката“.

Протестот „чевли на улица“ има за цел да ги поттикне лидерите учесници на самитор во Париз да постигнат договор за мерки за ограничување на глобалното затоплување и климатските промени.
Еколошките активисти се решија на ваков начин да го искажат својот протест, бидејќи поради вонредната состојба во Франција, воведена по нападите во Париз на 13 неомври, забранети се секави масовни собири и демонстрации.



Екологистите планираа масовни улични протести за време на Конференцијата за климата во Париз, но поради новонастанатата состојба по нападите, решија такви собири денеска да се одржат во повеќе градови ширум светот.
Организиацитe за заштита на животата средина бараат од учесниците на Конференцијата за климата, што ќе таре до 11 декември да постигнат договор за „сериозни ограничувања на емисиите на штетни гасови“, како и да им помогнат на сиромашните земји да се справат со последиците од глобалното затоплување.

## Сител - *Протест „чевли на улица“ за заштита на животната средина*

Во пресрет на Конференцијата за климата, што почнува утре во Париз, членови на повеќе еколошки организации денеска организираа протест во францускиот главен град со оставање чевли на „Плоштадот на Републиката“.

## Lider - *Протест „чевли на улица“ за заштита на животната средина*

Во пресрет на Конференцијата за климата, што почнува утре во Париз, членови на повеќе еколошки организации денеска организираа протест во францускиот главен град со оставање чевли на „Плоштадот на Републиката“.

## A1 On - *Протест „чевли на улица“ за заштита на животната средина*

Во пресрет на Конференцијата за климата, што почнува утре во Париз, членови на повеќе еколошки организации денеска организираа протест во францускиот главен град со оставање чевли на „Плоштадот на Републиката“.

## +инфо - *Протест „Чевли на улица“ за заштита на животната средина*

Во пресрет на Конференцијата за климата, што почнува утре во Париз, членови на повеќе еколошки организации денеска организираа протест во францускиот главен град со оставање чевли на „Плоштадот на Републиката“.

## Вечер - Заштеда на гориво и заштита на животната средина

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУ

ПЕХЧЕВО

# Заштеда на гориво и заштита на животната средина

29 ноември 2015 - 11:39

Like Share 0 Tweet

**Градинката „7 Септември" ќе штеди енергија и пари, со намалување на емисијата на штетни гасови преку изградбата на нова котларница и инсталирање две печки на пелети, наменети за затоплување на градинката.**

Според директорката на градинката Гордана Вазлиска од овој проект, се очекува да има околу 5 тона намалување на штетните гасови, а со греењето на пелети наместо со нафта ќе се заштеди околу 5 илјади долари годишно.

Градоначалникот на Пехчево Игор Поповски потенцираше дека ова е голем бенефит и за општината и за детската градинка.

- Успеваме преку овој проект да го замениме претходно дотраениот котел кој користеше како енергенс нафта. Ние долго време баравме начини како да влеземе во оваа инвестиција, па сега сме задоволни што во соработка со донаторите решивме еден голем проблем за градинката, рече Поповски.

Во рамките на промоција на новите енергенси во градинката, беа презентирани резултатите од проектот „Намалување на CO2 и заштеда на финансии преку замена на фосилно гориво со обновливи извори а енергија". Вредноста на проектот е околу 49 илјади долари, од кои со 20 илјади долари е поддржан од Глобалниот еколошки фонд , а останатите средства се од Здружението „Амброзија" и Општина Пехчево.

Ирена Кракутовска, НВО „Амброзија" рече дека целта зацртана во проектот е постигната. – Проектот го работевеме една година и преку него овозможивме фосилното гориво да го замениме со два котли кои како енергенс користат обновливи извори на енергија или пелети со моќност од по 10 кв, а другиот аспект е зголемување на јавната свест и кај вработените, но и кај најмладите, рече Кракутовска.

HAJHOBI








## +инфо - „Skopje. Killing me softly“ - протест во Аеродром и Лисиче против загадувањето

+.инфо®
www.plusinfo.mk



# „Skopje. Killing me softly“ - протест во Аеродром и Лисиче против загадувањето

Објавено во 23:16 29 ноември 2015 | Прочитано 649 | Печати

Share 11 Tweet

Граѓаните на Аеродром и Лисиче денеска по четврти пат протестираа против екстремното загадување во општината и во градот пред општинската зграда во Аеродром.

Организатор на собирот беше неформалната граѓанска иницијатива „Стоп за смрдеата во Аеродром и Лисиче“ која има скоро три илјади поддржувачи на својата страна на Фејсбук. На постерот за протестот пишувше „Skopje. Killing me softly“ со цел да се зголеми свесноста кај граѓаните околу опасноста од аерозагадувањето.

Секоја недела во 12 часот граѓаните се собираат пред општината.

## Тера - „ЅИД НА СРАМОТ“ во Битола

# „ЅИД НА СРАМОТ“ во Битола

Вести Актуел Nov 29, 2015



Фотографии од загадување, потпалување на ѓубришта, диви депонии, се дел од материјалите што се најдоа на таканаречениот „Ѕид на срамот“, поставен од граѓанското здружение „За нас се работи“.




Акцијата е во рамки на серија настани за информирање и за едуцирање на граѓаните, не само на тема екологија, туку и за нивната вклученост во носење одлуки од локалната самоуправа. Од „За нас се работи“ истакнуваат дека граѓаните ќе можат и во наредните денови да пријавуваат проблеми со загадувањето на воздухот, водата и на почвата во овој град, како и идеи за нивно решавање.

Материјалите треба да содржат информации за проблеми од областа на животната средина и просторно планирање во Битола и околината како и идеи за нивно решавање. Сите доставени материјали треба да бидат во форма, локацијата каде се наоѓа проблемот кој е сврзан со информација, од кога датира, видот на проблемот, доколку располагате со фото или видео или пишан опис на проблемот и решение или пат на процесуирање на самиот проблем (доколку граѓанинот има).

## Репортер - *Пекинг обвиен во густ смог*

REPORTER



# Пекинг обвиен во густ смог

Загаденоста на воздухот во Пекинг достигна опасно ниво, поради што кинеското Министерство за животна средина им препорача на граѓаните да не ги напуштаат своите домови без погоелеми потреби.

Повеќе делови на Кина последниве денови се обвиени со густ смог и покрај напорите на властите за прочистување на воздухот.

Нивото на смог во Пекинг драстично се зголеми во последниве два дена, што доведе и до значително намалување на видливоста.

Како што јави ДПА, загаденоста на воздухот во Пекинг е 15 пати повисока од максимално дозволеното ниво според стандардите на Светската здравствена организација (СЗО).

Концетрацијата на микрочестички помали од 2,5 микрометри вчера изнесувала 356 микрограми на метар кубен. Максималното дозволено ниво на овие честички, според СЗО, е 25 микрограми на метар кубен.

Експертите предудуваат степенот на загаденост во Пекинг да продолжи да расте до вторник, кога се очекува градот да биде зафатен од силен ветар, кој би требало да го расчисти смогот.